


Електродистрибуција ДООЕЛ е компанија која има основна дејност дистрибуција на електрична енергија на територијата на Република Северна Македонија. Компанијата е дел од Групацијата ЕВН.

## КАРИЕРА ВО ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА

Во одделот Управување со мрежа имаме отворени позиции за:

# ВКЛОПНИЧАР за регион Прилеп, Битола (М/Ж)

**Работни задачи:**

- Редовен визуелен надзор на Високонапонска (ВН) и Среднонапонска (СН) опрема во целата Трафостаница (ТС), на исправувачите, Акулуматорска (АКУ) батерија и проверка на вискозноста на киселината и температурата на ЕТР и работата на групите вентилатори,
- Редовна евиденција на мерните големини на напонот и струјата на ЕТР, на 110 kV, 35 kV, 10(20) kV изводи во ТС,
- Регулација на напон на енергетските трансформатори,
- Манипулации (вклучување и исклучување) на раставувачите и прекинувачите на 110 kV, 35 kV, 20 kV и 10 kV и заземјување при обезбедување на безнапонска состојба,
- Евиденција на сите настани (вклучување, исклучување, заземјување) ,
- Известување за секој траен прекин во испораката на ел. енергија ,
- Обезбедување на работно место и издавање на Одобрување за работа (ОДРИ) при планирани работи и отстранување на дефекти,
- Грижа за личните и групните заштитни средства како и за ПП опремата, за дворното место, на ТС и нејзината хигиена и безбедноста на објектот.

**Потребни квалификации**

- III - IV степен електро-техничко средно образование
- Положен државен испит за ракување во високонапонски постројки
- Основно познавање на MS Office,
- Возачка дозвола,
- Исполнителност и одговорност,
- Флексибилност,
- Тимска работа
- Соодветно претходно работно искуство од 3 години

Доколку сте заинтересирани за кариера во Електродистрибуција, испратете куса биографија и мотивационо писмо на jobs.elektrodistribucija@evn.mk со наслов "Специјалист/Соработник за Билинг" најдоцна до 01.02.2024. Електродистрибуција е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

**Напомена**: Во согласност со законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на Вашата апликација согласни сте вашите податоци да се чуваат , обработуваат и користат исклучиво за целите на регрутација и селекција. Повеќе информации околу Вашите права за обработка на податоците, како и за начинот на обработка на податоците можете да добиете на следниот линк https://www.evn.mk/TopMenu/Career.aspx.

ensure обезбедува · encourage охрабрува · enable овозможува